СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-912/5
Дата. 26-03-2026

**До:** Засегнати жители од ул.„Камка Тоцинова", општина Велес

**Предмет:** Известување по основ на поднесена молба за интервенција поради создавање на депонија во двор на приватен имот со бр.26-1080/1 до Министерството за животна средина и просторно планирање со арх.бр. 12-912 од 20.02.2026 година.

До Министерството за животна средина и просторно планирање доставена е Молба за интервенција од страна на жителите од ул.„Камка Тоцинова", општина Велес поради создавање на депонија (отпадни материјали-пластика, железо, дрво, стари апарати мебел и др.видови на отпад) која се наоѓа во дворно место во урбана средина во двор на приватен имот чиј сопственик е Бошко Јанковски со адреса на живеење на ул.„Камка Тоцинова" бр.38, н.Ќерамидница, општина Велес.
Имајќи во предвид дека предметното барање е од општинска надлежност, Секторот за правни и општи работи достави Барање на мислење со арх.бр.912/2 од 24.02.2026 година до општина Велес-Одделение за заштита на животната средина по службена должност согласно член 5 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24).
Од страна на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој на општина Велес доставено е Известување со арх.бр.26-1080/7 од 24.03.2026 година дека Одделението за инспекциски надзор на општина Велес, нема овластен инспектор за животна средина.
Во таа насока, напоменуваме дека, согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) општина Велес потребно е да склучи меморандум за меѓуопштинска соработка со некоја од соседните општини.

**По овластување на министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Советник,
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnaРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk